РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-416/4
05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на ден 03.11.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по пријава со број 12-416/1 од 27.01.2025 година, со наводи за сомневање за вршење на физичко насилство од страна на НН лице врз малолетно дете на подносителот, кое е со пречки во развојот и оневозможување на правото за користење на услуга за личен асистент од страна ЈУ ------------------------------------ - --------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што по пријавените наводи постапиле дрги надлежни органи.

Предметот со број 12-416/1 од 27.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 27.01.2025 година, до ДКСК доставена е пријава од подносител ---------------------, во која се изнесени наводи за сомневање за вршење на физичко насилство од страна на НН лице, врз неговото малолетно дете кој е со пречки во развојот и оневозможување на правото за користење на услуга за личен асистент од страна ЈУ --------------------------------------.
Малолетното дете било физички нападнато на ден 25.09.2023 година на ул.„----------------“ во близина на СОУ„-----------------“ во -------------.
Подносителот во пријавата наведува дека постои сомневање дека определени службени лица прикриваат докази во врска со случајот, а за кое што треба да сносат одговорност.
ДКСК ја разгледа содржината на пријавата и приложената документација и утврди дека од подносителот случајот бил пријавен и во Министерството за внатрешни работи-Одделението за внатрешни работи Прилеп, на ден 26.09.2023 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Исто така, од увидот во приложената документација доставена кон пријавата, ДКСК утврди дека подносителот поднел приватна тужба за поведување на судска постапка за надомест на материјална штета пред Основен суд во ------------.

Со цел проверка на наводите за сомневање за недоделување на правото за користење на услуга за личен асистент за малолетното дете, ДКСК на ден 04.09.2025 година побара информации од ЈУ -------------------------------------------.

На ден 01.10.2025 година, ЈУ ------------------- известува дека: ЈУ -------------------- со Решение бр.---------------- од 13.03.2025 година, ја прекинала постапката по барањето на -------------- за користење на услугата лична асистенција за детето, поради известување на провајдерот дека нема асистенти кои би биле во можност да ја даваат услугата. Исто така, во истото Решение во точка 2 од диспозитивот е наведено дека постапката се прекинува до давање на известување дека провајдерот (**лиценцирани или овластени даватели на социјални услуги или физички лица кои вршат работа во социјална заштита како професионална дејнсот согласно Законот за социјална заштита**) има личен асистент. До денот на доставување на одговорот до ДКСК, ЈУ --------------- информира дека не добиле Известување од провајдерот за определување на личен асистент за конкретното малолетно дете.
ЈУ ------------- информира дека лицето ------------------- нема поднесено барање за повторување на постапката во законски определениот рок.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што по пријавените наводи постапиле други надлежни органи, како и да се достави Известување со Укажување до подносителот на пријавата за поднесување на барање за добивање на социјална услуга лична асистенција за малолетното дете.
Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК